**Светски ден без тутун 2023: Потребна ни е храна, а не тутун**



https://www.paho.org/en/campaigns/world-no-tobacco-day-31-may-2023

На 31 мај 2023 година, светот ќе го обележи Светскиот ден без тутун. Глобалната кампања има за цел да ја подигне свеста за алтернативно растително производство и да поттикне тутунарите да одгледуваат одржливи, хранливи култури. Тутунот ја осиромашува плодноста на почвата, кризата со недостиг од храна расте и таа е поттикната од конфликти и војни, климатски шокови, како и од економски и социјални влијанија на пандемијата која ја предизвика Ковид-19. Секоја година ширум светот околу 3,5 милиони хектари земјиште се пренаменува за одгледување тутун. Одгледувањето тутун, исто така, придонесува за уништување на 200.000 хектари шуми годишно. Тоа бара голема употреба на пестициди и ѓубрива, кои придонесуваат за деградација на почвата. Земјиштето што се користи за одгледување тутун има помал капацитет за одгледување други култури, како што е храната. Во споредба со другите земјоделски активности, како што се одгледувањето пченка, одгледувањето тутун има многу повеќе деструктивно влијание врз екосистемите, бидејќи земјоделските површини со тутун се повеќе склони кон опустошување. Секој профит што ќе се добие од тутунот, може да не ја надомести штетата направена за одржливото производство на храна во земјите со низок и среден приход. Наспроти ова, постои итна потреба да се преземат законски мерки за намалување на одгледувањето тутун и да им се помогне на земјоделците да преминат во производството на алтернативни прехранбени култури, поточно тутунарите да се префрлат на одгледување прехранбени култури. Тутунската индустрија често се прикажува како поборник за егзистенција на тутунарите. Ова е далеку од вистината. Интензивното ракување со инсектициди и токсични хемикалии за време на одгледувањето тутун придонесува многу земјоделци и нивните семејства да имаат последици по нивното здравје. Понатаму, неправедните договори со тутунските компании ги одржуваат земјоделците осиромашени, а детскиот труд кој често се вткајува во одгледувањето тутун го попречува правото на образование и претставува кршење на човековите права. Девет од десет најголеми производители на тутун, се земји со низок и среден приход, а четири од нив се дефинирани како земји со дефицит на храна. Земјиштето што се користи за одгледување тутун би можело поефикасно да се користи за да се постигне целта на Обединетите нации за одржлив развој – нула глад. Кампањата за 2023 година ги повикува владите и креаторите на политики да го засилат законодавството, да развијат соодветни политики и стратегии и да им овозможат услови на тутунарите да се префрлат на одгледување прехранбени култури, со цел да им се обезбеди на производителите и на нивните семејства подобар живот.

Подготвил: Вјолца Бериша, дипл. проф. по одд. настава, Одделение за социјална медицина
Извор: World No Tobacco Day 2023: We need food, not tobacco, https://www.who.int/europe/news-room/events/item/2023/05/31/default-calendar/world-no-tobacco-day-2023--we-need-food--not-tobacco, пристапено на 29.05.2023

**Dita Botërore pa Duhan 2023: Ne kemi nevojë për ushqim dhe jo për duhan**



https://www.paho.org/en/campaigns/world-no-tobacco-day-31-may-2023

Më 31 maj 2023, bota do të shënojë Ditën Botërore Pa Duhan. Fushata globale synon të rrisë ndërgjegjësimin për prodhimin e bimëve alternative dhe të inkurajojë fermerët e duhanit që të kultivojnë kultura të qëndrueshme dhe ushqyese. Duhani po varfëron pjellorinë e tokës, kriza e mungesës së ushqimit po rritet dhe ushqehet nga konfliktet dhe luftërat, goditjet klimatike, si dhe nga ndikimet ekonomike dhe sociale të pandemisë së shkaktuar nga Covid-19. Çdo vit në mbarë botën rreth 3.5 milionë hektarë tokë konvertohet në kultivimin e duhanit. Kultivimi i duhanit gjithashtu kontribuon në shkatërrimin e 200,000 hektarëve pyje në vit. Kërkon përdorim të madh të pesticideve dhe plehrave, të cilët kontribuojnë në degradimin e tokës. Toka e përdorur për rritjen e duhanit ka më pak kapacitet për të kultivuar kultura të tjera, si ushqim. Krahasuar me aktivitetet e tjera bujqësore, si kultivimi i misrit, kultivimi i duhanit ka një ndikim shumë më shkatërrues në ekosistemet, pasi toka bujqësore e duhanit është më e prirur ndaj shkatërrimit. Çdo fitim i bërë nga duhani nuk mund të kompensojë dëmin e shkaktuar ndaj prodhimit të qëndrueshëm të ushqimit në vendet me të ardhura të ulëta dhe të mesme. Përkundër kësaj, ka nevojë urgjente për marrjen e masave ligjore për të ulur kultivimin e duhanit dhe për të ndihmuar fermerët që të kalojnë në prodhimin e kulturave ushqimore alternative, përkatësisht kalimin e fermerëve të duhanit në kultivimin e kulturave ushqimore. Industria e duhanit shpesh portretizohet si përkrahëse e jetesës së punëtorëve të duhanit. Kjo është larg nga e vërteta. Trajtimi intensiv i insekticideve dhe kimikateve toksike gjatë kultivimit të duhanit kontribuon në pasojat shëndetësore të shumë fermerëve dhe familjeve të tyre. Për më tepër, kontratat e padrejta me kompanitë e duhanit i mbajnë fermerët të varfër dhe puna e fëmijëve shpesh e ndërthurur në bujqësinë e duhanit pengon të drejtën për arsim dhe është shkelje e të drejtave të njeriut. Nëntë nga dhjetë prodhuesit më të mëdhenj të duhanit janë vende me të ardhura të ulëta dhe të mesme, dhe katër prej tyre përcaktohen si vende me deficit ushqimor. Toka e përdorur për rritjen e duhanit mund të përdoret në mënyrë më efikase për të arritur Objektivin e Zhvillimit të Qëndrueshëm të Kombeve të Bashkuara për zero uri. Fushata e vitit 2023 u bën thirrje qeverive dhe politikëbërësve të forcojnë legjislacionin, të zhvillojnë politika dhe strategji të përshtatshme dhe t'u mundësojnë fermerëve të duhanit të kalojnë në kulturat ushqimore, në mënyrë që t'u ofrojnë prodhuesve dhe familjeve të tyre një jetë më të mirë.

**Përgatiti:** Vjollca Berisha, prof. e dipm. për mësim klasor, Reparti i mjekësisë sociale

**Burimi:** World No Tobacco Day 2023: We need food, not tobacco, https://www.who.int/europe/news-room/events/item/2023/05/31/default-calendar/world-no-tobacco-day-2023--we-need-food--not-tobacco, qasja më 29.05.2023